ОПШТИНА БИТОЛА

Одделение за имот и имотно правни работи

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Општина Битола ги известува сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема на територијата на Општина Битола дека се должни заклучно со 19.10.2022 година да се усогласат со роковите за исполнување на условите и да поднесат барање за склучување на анекси кон основните договори, согласно Одлуката бр. 09-153/8 од 16.09.2022 година донесена Советот на Општина Битола и објавена во „Службен гласник на Општина Битола“ број 12 од 19.09.2022 година.

Анекс кон основниот договор за користење на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема можат да склучат субјектите кои вршат дејност во поставената урбана опрема, при што дејноста мора да биде во согласност со договорот и Законот за градење.

Доколку субјектот кој врши дејност во поставената урбана опрема не се јавува како корисник на земјиштето во договорот, истиот може да склучи анекс со кој ќе се изврши промена на страната на корисникот на земјиштето во договорот доколку достави правен основ за стекнување на поставената урбана опрема од последниот корисник на земјиштето во општа употреба според договорот.

Анекс кон основниот договор не може да се склучи доколку за поставената урбана опрема има поднесено барање за утврдување на правен статус по Законот за постапување со бесправно изградени објекти од страна на сегашниот или од претходен имател на урбаната опрема.

Корисниците на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кои немаат склучено анекси за продолжување на важноста на основните договори за користење на земјиштето во општа употреба за претходниот период до 30.06.2022 година, можат да склучат анекси за користење на земјиштето до 30.06.2023 година, под услов доколку го платат целокупниот неплатен надоместок за користење на земјиштето во претходниот период и доколку ги исполнуваат останатите услови за склучување на анекс кон основниот договор.

Сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кои ги исполнуваат условите за склучување на анекс и кои имаат намера да склучат анекс кон основниот договор должни се да поднесат до Општина Битола барање за склучување на анекс кон основниот договор најдоцна до 19.10.2022 година.

Корисниците на земјиште во општа употреба кои нема да поднесат барање за склучување на анекс кон основниот договор до 19.10.2022 година, ќе бидат должни да ја остранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба најдоцна до 18.11.2022 година.

Корисниците на земјиште во општа употреба кои ќе поднесат барање за склучување на анекс кон основниот договор, а за кои ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите за склучување на анекс, ќе бидат должни да ја остранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето за неисполнување на условите за склучување на анекс кон основниот договор.

Корисниците на земјиште во општа употреба кои ќе склучат анекс за користење на земјиштето до 30.06.2023 година, ќе бидатдолжни да го платат целокупниот утврден надоместок за користење на земјиштето до 30.06.2023 година во рок од 15 дена од денот на склучувањето на анексот, во спротивно ќе се смета дека анексот не е склучен и нема да произведува правно дејство и во тој случај корисниците ќе бидат должни да ја остранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во рок од 30 дена од истекот на рокот за плаќање на надоместокот.

Одделение за имот и
имотно правни работи

Битола,

20.09.2022 година